# ПРОЦЕДУРАЛНИ И ВОНПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

Гордана Ѓешкоска,
Јавен обвинител
Основно јавно обвинителство Скопје

# ЗА ШТО ЌЕ РАЗГОВАРАМЕ ?

- Мерки за заштита :
- Процедурални-ЗКП и Закон за правда на децата
- Вонпроцедурални-Закон за заштита на сведоци

# ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ-ЗКП

- Испитување под псевдоним-чл.229
- Испитување со помош на технички уреди за пренос на слика и тон со изменет лик и глас на загрозениот сведок-чл.230

# ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА, КОГА?

- Кога постои веројатност дека со давањето исказ или одговор на определено прашање сведокот или жртвата-оштетениот би се изложил себеси или нему блиско лице на сериозна опасност по животот, здравјето или физичкиот интегритет, сведокот може да го ускрати давањето на исказ или изнесувањето на неговите лични податоци додека не се обезбедат услови за негова заштита.
- Во таков случај, јавниот обвинител го прекинува испитувањето и презема итни дејствија за заштита.

# ЗАШТИТА НА ЗАГРОЗЕН СВЕДОК ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

- Чл.226 ст.3
- Јавниот обвинител донесува решение
- Определува **псевдоним**
- Го определува посебниот начин на учество во постапката и испитувањето
- На испитувањето не присуствува обвинетиот, негов бранител, ниту оштетениот или негов законски застапник
- Податоците за загрозениот сведок ги запечатува во посебен коверт, кој може да го побара и **отвори само второстепениот суд?**

# ЗАШТИТА НА ЗАГРОЗЕН СВЕДОК НА ГЛАВНА РАСПРАВА

- Писмен и образложен  предлог
- Го поднесува Јавниот обвинител во запечатен коверт
- Се поднесува на судијата или советот за оцена на обвинителниот акт при поднесувањето на

  обвинителниот акт
- Рок за одлука-48 часа
- Одлука-решение
- Определување на псевдоним и посебен начин на учество во постапката
- Нема право на жалба

- Загрозен сведок во посебна просторија (чл.230 ст.2)
- Се внимава на правото на обвинетиот и неговиот бранител да имаат соодветна и доволна можност да ја оспоруваат и проверуваат изјавата на загрозениот сведок
- Исклучување на јавноста (чл.354)
- На кого не се однесува исклучувањето на јавноста (чл.355)
- Загрозениот сведок мора да се испита на главна расправа (чл.388 ст.1)

# ИСПИТУВАЊЕ НА ПОСЕБНО РАНЛИВИ ЖРТВИ И СВЕДОЦИ (Чл.232)

- Прашањата се поставуваат само преку органот што ја води постапката
- Испитувањео може да се врши со помош на психолог, социјален работник или друго стручно лице
- Може да се испита со употреба на технички средства за пренос на слика и звук без присуство на странките и други учесници во постапката, кои можат да поставуваат прашања со посредство на органот што ја води постапката, психолог, педагог, социјален работник или друго стручно лице.

# ПОСЕБНИ МЕРКИ НА ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА ПО ЧЛ.54 СТ.2

- Ги определува судот по предлог на јавниот обвинител, жртвата или по сопствено наоѓање
- **Мора да се определат** ако :
- Детето жртва има потреба од посебна грижа и заштита или
- Детето е жртва на трговија со луѓе, насилство или сексуална злоупотреба
- Тогаш мора да се определи и видео и тонски запис на исказот и испитувањето на детето за да се користи како доказ во постапката
- По исклучок, само заради нови околности уште едно испитување преку технички средства за комуникација

# ПОСЕБНИ МЕРКИ НА ПРОЦЕСНА ЗАШТИТА-ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

- Чл.147 :

  - користење на екрани за заштита на жртвата и сведокот од погледот на обвинетиот

  - прикривање на идентитетот или на изгледот

  - давање исказ преку видеоконференција

  - отстранување на тогите и капите

  - исклучување на јавноста

  - видео и аудио запис на исказот кој ќе се користи како доказ

- видео и аудио запис распитот кој ќе се користи како доказ
- земање исказ со посредство на стручно лице
- употреба на посебни технички средства за комуникација и
- заштита на приватноста на детето и на неговото семејство

# ВОНПРОЦЕСНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА-ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА СВЕДОЦИ

- Чл.26 :
- Чување на тајност на идентитетот
- Обезбедување на лична заштита
- Промена на живеалиште, односно престојувалиште и
- Промена на идентитет

# БЛАГОДАРАМ
# НА ВНИМАНИЕТО